




СИТЕ СТРАНСКИ

Објавено **07 март 2013, 12:49**, во Македонија

Share |

# ПОПОСКИ СЕ СРЕТНА СО РЕГИОНАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА СВЕТСКАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА



Шефот на македонската дипломатија, Никола Попоски денеска имаше средба со регионалниот директор на Светската здравствена организација (СЗО) за Европа, Жужана Џејкоб, а по повод денешното отворање на Седиштето на Здравствената мрежа на Југоисточна Европа во Скопје.

Како што соопшти МНР, на средбата беа разменети мислења за активностите на СЗО како специјализирана агенција на ОН, со примарна цел постигнување на највисоко ниво на здравствена заштита за сите луѓе. Беше истакната и позитивната улога на Канцеларијата на СЗО во Македонија во поддршка на реформските процеси во областа на јавното здравство и институционално зајакнување на здравствениот сектор.

Соговорниците искажаа задоволство од отворањето на Седиштето на Здравствената мрежа на Југоисточна Европа во Скопје, што се очекува да придонесе за зајакнување на регионалната соработка во областа на јавното здравство.

« назад

## КОМЕНТАРИ

Коментирај »

## КАПИТАЛ НЕДЕЛНИК




## РЕКЛАМИ







## КАПИТАЛ СПЕЦИЈАЛНИ ИЗДАНИЈА




## КАПИТАЛ ИЗДАНИЈА